Република Северна Македонија

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија – Скопје

Број: 04-02- 784
21.11.2023 година
Скопје

Врз основа член 45 од Законот за администартивни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со конечната листа од сите фази на селекција и предлог на кандидати за вработување, директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје ја донесе следната

ОДЛУКА
за избор на кандидат за вработување административен службеник

1. За извршител на работното место КДР0102В04037 Помлад соработник - систем оператор, Одделение за информатички систем (финансово - економско работење), Сектор за информатичка поддршка, (1) извршител(и),се избира кандидатот:

   - **Моника Младеновска** со идентификациски код 63637DC,

2. Именованиот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на оваа одлука .
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување .

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение на Агенцијата за администрација бр. 10-1768/5 од 17.10.2023 година, во функција на спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 од оваа одлука, а во врска со огласот број 400/2023 за вработување на административни службеници објавен во дневните весници „Нова Македонија”, „ Слободен печат” и „Коха“ на ден 17.10.2023 година,

согласно член 44 од Законот за административни службеници, и добиените резултати од сите фази на селекција, изготви Конечна ранг-листа за вработување на најдобро рангирани кандидати, и ја достави до ЈП ЖРСМ Инфраструктура -Скопје.

Врз основа на Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати, директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје донесе одлука како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Агенција за администрација,
- Именованиот,
- Сектор за управување со човечки ресурси,

в.д. ДИРЕКТОР

м-р Зоран Трифуновски